РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3159/5
29.07.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од прво продолжение на 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 24.07.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:/**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Арбен Саити, м-р Ивона Муфишева, м-р Горјан Шекеринов, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:35 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски објасни дека на ова продолжение ќе се разгледуваат одложените точки од 30-та седница: Точка 3 – Предлог-одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица и Точка 4 - Предлог за давање одобрување за уредување на заемните односи и деловно техничка соработка со Министерството за спорт на РСМ, со Предлог-одлука и Предлог-договор.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица. Објасни дека состојбата со радиодифузерот сè уште не е променета во однос на претходните денови, односно не изврши уплата за годишниот надоместок, ниту достави документи за бројот на вработени кој што треба да ги има телевизијата согласно Правилникот за минимални кадровски услови. Со оглед на фактот дека не ги отстрани прекршувањата од ЗААВМУ и Правилникот, до Советот се предлага да донесе Одлука за одземање на дозволата. Во образложението информира дека радиодифузерот во текот на денешниот ден испратил СМС порака и меил во кој известува дека ги извршил сите неопходни плаќања

за да му биде одблокирана жиро сметката од страна на Управата за јавни приходи и денес од 16 часот ќе му биде активна. Во таа насока предложи да се почека до утрешниот ден за да изврши уплата за годишниот надоместок за дозволата како што радиодифузерот навел и да достави документација за бројот на вработените. Предложи, доколку тие два услова се исполнат, при крај на утрешниот ден да се закаже седница на која што Советот ќе ја повлече Одлуката за одземање на дозволата.

Г-дин Петрушевски рече дека го прифаќа предлогот на директорот. Се согласува да се направат максимални напори за да му се помогне на радиодифузерот да продолжи со работа. Но, ако и ова не успее, сè уште има можност наредните денови да ја врати дозволата преку Управен суд.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-816 од 07.09.2023г. на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, односно поради тоа што радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување и не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на фактурата бр.2024-100-0148 од 30.05.2024г. (наш арх.бр.05-2565/1 од 30.05.2024г.).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

Г-дин Петрушевски рече се надева дека радиодифузерот тоа што го напишал во известувањето преку СМС порака и на официјалната имеил адреса на АВМУ пред 20тина минути ќе го реализира, а Советот ќе направи сè што е во согласност со законските можности за да функционираат и во иднина.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за уредување на заемните односи и деловно техничка соработка со Министерството за спорт на РСМ, со предлог-одлука и Предлог-договор. Објасни дека на вчерашната седница дискутирале на оваа тема, за времено отстапување во период од 5 години на просторот на 8ми кат кој што е во сопственост на Агенцијата на користење на Министерството за спорт. Денес се предлага Советот да донесе Предлог-одлука со која ќе се одобри отстапувањето за период од 5 години и врз основа на таа одлука а по дадена согласност на Владата, Агенцијата ќе потпише Договор со Министерството за спорт за реализација на наведените активности.

Г-дин Петрушевски објасни дека во материјалите има Одлука која ја носи Советот на Агенцијата, потоа таа се доставува до Владата и нејзините надлежни тела да ја проверат правната страна на оваа одлука и потоа доколку ја одобрат, Агенцијата

ќе потпише Договор со Министерството за спорт. Се изјасни дека ќе даде поддршка за точката.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Министерството за спорт на РСМ да го даде на времено користење, на ограничен рок од 5 (пет) години, без надомест, просторот со вкупна површина од 171 $м^2$, на 8-от кат од објектот Палата „Панко Брашнаров“ сместен на ул.„Македонија“ бр.38 Скопје, на кој Агенцијата има право на трајно користење согласно Одлуката на Владата на РМ за давање на трајно користење на недвижна ствар, бр.42-2749/1 од 05.04.2016г. („Службен весник на РМ“ бр.68/16), а по добиена согласност на Владата на РСМ, согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ“ бр.78/15) и сите негови измени.

Условите под кои ќе се даде на времено користење просторот, ќе се уредат со склучување на договор меѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Министерството за спорт, кој е условен договор и неговото потпишување ќе се смета за правно важечки и ќе предизвикува правни последици единствено по добиена согласност на Владата на РСМ.

Агенцијата да ги достави до Министерството за спорт на РСМ: Одлуката и Предлог - Договорот за уредување на заемни односи и деловно – техничка соработка за да може Министерството за спорт да го достави Предлог -Договорот на согласност до Владата на РСМ.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**